**20201531950**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19 и 275/19), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16, 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 235/19) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 јуни 2020 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2020 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 278/19, 13/20 и 111/20) во делот I во воведната реченица износот „4.110.000.000“ се заменува со износот „4.202.000.000“. Во табелата во мерката 3 износот „70.000.000“ се заменува со износот „500.000“.

Во мерката 5 износот „10.000.000“ се заменува со износот „500.000“.

Во мерката 6 износот „12.000.000“ се заменува со износот „8.000.000“.

Во мерката 8 износот „280.000.000“ се заменува со износот „180.000.000“.

Во мерката 10 износот „3.720.998.000“ се заменува со износот „3.995.998.000“.

Во колоната „Вкупно“ износот „4.110.000.000“ се заменува со износот „4.202.000.000“.

II

Во делот III во табелата по подмерката 2.19. се додава нова подмерка 2.20. која гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 2.20. | 2.20. | Директни плаќања за заклани животни од видот свињи во одобрени кланични капацитети со кои Агенција за храна и ветеринарство има склучено договор за депопулација |

“

III

Во делот IV износот „70.000.000“ се заменува со износот „500.000“.

IV

Во делот VI во ставот (1) износот „10.000.000“ се заменува со износот „500.000“.

V

Во делот VII износот „12.000.000“ се заменува со износот „8.000.000“.

VI

Во делот IX во ставот (1) износот „280.000.000“ се заменува со износот „180.000.000“.

VII

Во делот XI износот „3.720.998.000“ се заменува со износот „3.995.998.000 “.

VIII

Во делот XIV во табелата во мерка 2 по бројот „„2.15.“ се додава бројот „2.20.“

IX

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-5200/1
9 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.